Сиг. 00703

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ИСТОРИЈА*

ЗА I ГОДИНА

Скопје, мај 1999 година

# ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1. Назив на наставниот предмет: ИСТОРИЈА
2. Образовен профил и струка:
2.1. Образовен профил: ЗА СИТЕ ПРОФИЛИ
2.2. Струка: ЗА СИТЕ СТРУКИ
3. Диференцијација на наставниот предмет
3.1. Општообразовен предмет
4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет – ПРВА ГОДИНА
5. Број на часови на наставниот предмет
5.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 2 часа
5.2. Број на часови годишно (квота на изучување): 72 часа
6. Статус на наставниот предмет: ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПРЕДМЕТ

# . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по историја во стручното образование е учениците да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења од општата историја, да се изгради вредносен систем на погледи, мислења, ставови и однесувања на младите кон историските настани, процеси, појави, кон правците на идниот развој и да се продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

2.1. *Општи цели:*

- ученикот да развие индивидуални способности за образование, самообразование и придонесе во изградување на активна личност во секојдневниот живот, во работната средина и пошироко во општествената средина;
- да развие сознајни интереси и мисловни способности за критичко сфаќање и прифаќање на објективните вистини и законитости низ општествениот развиток;
- да развие љубов и почит кон сите народи, чувство на моралност и припадност кон државата во која живее;

- да развие граѓанска свест и да се воспитува кон мир, стабилност, плуралистичка и парламентарна демократија, индивидуални и човекови права, отвореност и соработка кон сите земји;
- да всади љубов и почит кон културна соработка и културни активности, заштита и збогатување на културното наследство.

Од општите цели на предметот произлегуваат и посебните цели кои се во тесна врска со целите на другите предмети на стручното образование. Посебните цели ќе се конкретизираат и низ учениците ќе можат да ги применуваат во завршувањето на образовниот процес.

2.2. Посебни цели:

- ученикот да усвои посебни знаења за најзначајните историски настани, појави и процеси од општата историја;
- да ги открива причинско-последичните односи меѓу историските настани, појави и процеси и да се поттикнува и оспособува кон критичко мислење, заземање на сопствен став и убедување;
- да се оспособи да направи проценка како идеите, настаните и личностите, со текот на времето, предизвикале промени на условите кои го одредувале континуитетот на човековото општество;
- да ги подреди настаните, процесите, појавите со цел да развие смисла на хронологија;
- да направи синтеза на еволутивниот, духовниот и културниот развиток на човекот во сите периоди од општествениот развиток.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За да можат учениците успешно да ги следат и совладаат програмските содржини предвидени за I година во средното стручно образование, неопходно е да поседуваат подготовки – знаења од успешно реализираните содржини во воспитно-образовната работа од основното образование.

Наставната програма во основното образование е изготвена врз единствен модел на концентрични кругови и учениците добиваат знаења од општата и националната историја. Со проверување на знаењата во почетокот на учебната година се создаваат претпоставки за успешно следење на воспитно–образовната работа и во средното образование.

## ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 1.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематски целини и другите предмети |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| *ПРЕДИСТОРИЈА*<br><br>ЧОВЕКОТ ВО НАЈРАНИОТ ПЕРИОД: КАМЕНО И МЕТАЛНО ВРЕМЕ<br>Настанокот на човекот, животот во камено време, пронаоѓање на металите - метално време, појава на државата<br><br>ДУХОВНИ И КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ НА ЛУЃЕТО ВО ПРВОБИТНАТА ЗАЕДНИЦА<br><br>Верување во природни појави, тотеми и многубоштво, остатоци од пештерната култура | 2 + 1 | - Ученикот да го разбере настанувањето на човекот и да ги воочи различните толкувања на Библијата и науката за еволутивниот развиток;<br>- да ги разликува специфичностите на живеењето во камено и метално време;<br>- да прави разлика на првобитна сопственост од заедничка сопственост.<br><br>- Да ги издвојува причините за појавата на првите верувања и да прави разлика што е тотем а што многубоштво. | Наставникот ги мотивира учениците кон самостојно набљудување, анализа, опис и донесување заклучоци.<br>Демонстрира елемент филм - камено време, ја поттикнува колективната работа, одговорноста и дисциплината.<br><br>Користи: историски атлас, историска читанка, цртежи, слики, елемент филм, карта на Балканот, и Македонија, организира посета на музеј, археолошки локалитет. | Географија, мајчин јазик, ликовно образование.<br><br>Корелацијата меѓу тематските целини и другите предмети се однесува за сите теми и тематски целини. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| *СТАР ВЕК*<br><br>1. НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК<br><br>Природни услови, создавање на државите карактеристики, општествено уредување<br><br>2. СТАРИОТ ЕГИПЕТ<br><br>Природни услови, население, иригациони систем, основни карактеристики на општеството и државата<br><br>3. КУЛТУРНИТЕ И НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА НА НАРОДИТЕ ОД СТАРИОТ ИСТОК<br><br>Појава и развој на писменоста, книжевноста, ликовната уметност, науката, религиите | 8 + 4 | - Ученикот да ги разликува најстарите цивилизации и специфичностите на државите од Стариот Исток;<br>- да ги посочува примерите на појавата на писменоста и достигнувањата во науката и уметноста;<br>- да ги препознава хеленските полиси, разликите во нивните општествени уредувања, стопанските, политичките и културните односи;<br>- да го воочи настанувањето, ширењето и подемот на Римската држава и да знае кои се причините за пропаѓањето на Западното римско царство;<br>- да ги објасни верувањата и општествената функција на религијата;<br>- да ги открие причините за појавата и ширењето на христијанството, да ја истакне улогата и значењето;<br>- да ја препознае религијата, митологијата, олимписките игри и специфичноста на книжевноста, уметноста, науката во стариот век; | - Наставникот оспособува во снаоѓање на историскиот простор и време, подучува во чување на историските знаменитости, поттикнува на логичко поврзување и опишување на настаните, подучува на изработка на цртежи, слики, шеми, графикони.<br>За дел содржини се користи групната форма на работа со цел да се оспособат на самостојна работа.<br><br>Користи : историски атлас, истори. читанка, слики, цртежи, елемент-филм<br>- Египет, дијаслики,<br>карта на свет,<br>карта на Балкан,<br>карта на Хелада,<br>карта на Рим. | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| СТАРА ХЕЛАДА<br><br>Земја и население, најстар период, градови држави (Спарта, Атина), односите со соседите (Персија) | | - Ученикот да ги препознае териториите и државите на старите балкански народи, да ги објасни односите со соседите, јазикот, религијата. | | |
| СТАРИОТ РИМ<br><br>Земја и население, Римска република (издигнување, ширење), Римско царство (подем и опаѓање), поделба и пропаѓање на Западното римско царство | | - Да го воочи настанувањето, ширењето и поделот на римската држава и да знае кои се причините за пропаѓањето на Западното римско царство. | | |
| ХРИСТИЈАНСТВОТО - НОВА РЕЛИГИЈА<br><br>Верување во еден бог - Исус Христос, христијанското учење, Светото писмо, апостолите, христијанската ера | | - Да ги открие причините за појава и ширење на христијанството, да ја истакне улогата и значењето;<br>- да ги објасни верувањата и општествената функција на религијата. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 7 ХЕЛЕНСКА И РИМСКА КУЛТУРА<br><br>Религија, писменост, ликовна уметност, книжевност, наука | | - Да ја препознае хеленската и римската култура и специфичноста на книжевноста, уметноста, науката во средниот век. | | |
| 8 БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК<br><br>Старите балкански народи - територија, население (Илири, Тракијци, Пајонци, Антички Македонци), племенски заедници, сојузи и кралства, култура | | - Да ги препознае териториите и државите на старите балкански народи, да ги објасни односите со соседите, јазикот, религијата. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| *СРЕДЕН ВЕК*<br><br>1 ПОЧЕТОЦИ НА ЕВРОПА – ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ<br><br>Големата преселба на народите (Хуни, Германи, Словени), населувањето на Галите од Франките, формирање на државата, примање на христијанството, подемот во време на К.Велики, зачетоците на новото стопанство, распаѓање на државата на Франките<br><br>2 АРАБИЈАНЦИТЕ И ПОЈАВАТА НА ИСЛАМОТ<br><br>Територија и население, Мухамед – појава и ширење на исламот, Коранот света книга, наука, култура | 10 + 5 | - Ученикот да ги објасни масовните раздвижувања и раселувања на народите и да ги истакне општествено-економските промени со нивното доселување;<br><br>- да го опише процесот на формирањето на државата на Франките и да ги осознае почетоците на современите европски држави.<br><br>- Да го запознае исламот како религија значајна за обединување на муслиманите, светата исламска книга, влијанието на арапската култура во научните остварувања. | Наставникот ги поттикнува кон критичко размислување и откривање на причинско-последичните односи, развива способност за самостојно усно искажување, совладување на нови поими, ги објаснува историските настани и поттикнува критичко однесување кон научните и општо-културните вредности и достигнувања.<br>Користи изворен текст кој се чита изразно, а истовремено се врши и анализа.<br>Користи :<br>историски атлас,<br>историски читанка,<br>карта на светот,<br>карта на Европа,<br>карта на Византија,<br>карта на големите преселби на народите,<br>слики,<br>цртежи. | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 3 ИСТОЧНО РИМСКО ЦАРСТВО ( ВИЗАНТИЈА )<br><br>Територија и население, Византија и варварските племиња, расцепот меѓу Источната и Западната црква, културата на Византија | | - Ученикот да го следи развитокот на Источното римско царство и да го воочи значењето и влијанието на византиската култура во изградувањето на културата кај повеќе народи; | | |
| 4 ИСТОЧНА ЕВРОПА<br><br>Создавање на државите на Источните и Западните Словени | | - Да го објасни настанувањето и создавањето на државите од Источните и Западните Словени. | | |
| 5 КРСТОНОСНИ ПОХОДИ<br><br>Причини, почеток, тек, последици | | - Да ги објасни причините и последиците од крстоносните походи. | | |
| 6 ХУМАНИЗАМ И РЕНЕСАНСА<br><br>Појава и развиток – нов поглед на светот, одразот во културата и науката | | - Ученикот да го објасни значењето на хуманизмот и ренесансата како нов поглед на светот со што е извршен епохален културен пресврт и да го истакне одразот во развојот на уметноста, книжевноста, науката; | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА<br>Нови технички пронајдоци, причини, откривање на патот до Америка, патот до Индија, првото патување околу светот. | | - Да ги разбере причините за географските откритија, да ги најзначајните последици. | | |
| УЛОГАТА НА ЦРКВАТА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА<br>Улогата на Црквата во Западна Европа, создавањето на папска држава, борбата меѓу царството и папството, подемот на христијанството, реформацијата и против реформацијата. | | - Да го посочи значењето и улогата на Црквата во Западна Европа, борбата меѓу царството и папството, обидот за рефермација и против рефермацијата. | | |
| ОСМАНСКАТА ДРЖАВА<br>Создавање, организација, освојување, слабеење на државата | | - Да ги сознае почетоците на создавањето на османската држава, организацијата, почетоците на првите освојувања и причините за слабеењето. | | |
| БАЛКАНОТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК<br>Населувањето на Словените и борбата со Византија, создавање на средновековни балкански држави, самостојни феудални владеенија, потпаѓање на балканските земји под османска власт | | - Да го објасни настанувањето на првите балкански држави, да знае за најбитните карактеристики и специфичности избегнувајќи ги датумите, имињата и сѐ она што оптоварува. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| *НОВ ВЕК*<br><br>1. ЗАБРЗАН СТОПАНСКИ РАЗВИТОК ВО ЕВРОПА<br><br>- Појава на новите градови, граѓанството, неговата улога, технички пронајдоци и индустриска револуција, борба против апсолутизмот и владетелите<br><br>2. ГОЛЕМАТА ФРАНЦУСКО БУРЖОАСКА РЕВОЛУЦИЈА<br>- Положбата на селаните, причини за револуцијата, слобода, еднаквост, братство, влијанието и промените во Европа<br><br>3. НОВИ НАЦИОНАЛНИ ДРЖАВИ ВО ЕВРОПА<br><br>Економски развој и обединувањето на Германија, обединување на Италија, последици од обединувањето на државите во Европа | 7 + 4 | - Ученикот да го истакне значењето на појавата на новите градови и технички пронајдоци, настанувањето на граѓанството како посебен општествен слој и развојот на општеството што било поттикнато од индустриските револуции;<br><br>- Го опишува почетокот на револуцијата во Франција, ја истакнува положбата на селаните, а преку Декларацијата за правата на човекот и граѓаните ја изразува најзначајната мисла за еднаквост, братство и слобода.<br><br>- Го потенцира економскиот развој како значаен услов за обединување на дотогаш расцепканите Италија и Германија. | Наставникот го мотивира ученикот критички да мисли, да биде способен да конкретизира, да споредува, да прави анализа, да актуелизира и да заклучува.<br>Применува дијалошка метода со цел да постигне поголема активност.<br>Организира работа со која ќе биде ангажиран секој ученик во решавање на одредена задача која ќе одговара на неговите способности. Задачата ќе биде дадена во зависност од потребата за анализа, оценка или разбирање на историските закономерности.<br>Подготвува слики, цртежи, графикони, а користи:<br>карта на Европа,<br>карта на свет,<br>карта на САД,<br>Декларацијата за правата на граѓанинот,<br>Планот на декларацијата,<br>Карикатура-франц. селанец,<br>графикон-Сталежите во Франција,<br>историски атлас и читанка. | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 4. САД-НОВА СВЕТСКА СИЛА | | | | |
| - Британските колонии во Америка и борбата за независност, граѓанската војна, државно и политичко уредување, економски развој и надворешна политика | | - Да го истакнува присуството на британците во Америка, да ја опишува борбата за независност и граѓанската војна, а преку економскиот развој го истакнува влијанието на САД како светска сила. | | |
| 5. СВЕТОТ ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК | | | | |
| Подемот на демократијата во Европа, борбата на Големите сили за престиж во Европа, Азија, Африка, формирање на политички и воени блокови, меѓународни воени и политички кризи и конфликти | | - Да ја разбира појавата на демократијата во Европа, да го опишува формирањето на политичките и воените блокови, да ги истакнува и причините за политичките кризи и конфликти. | | |
| 6. НАУЧНИ И КУЛТУРНИ ДОСТИГНУВАЊА | | | | |
| Големи технички и научни откритија, просветни прилики, литература, уметност, музика | | - ги истакнува научните и културните достигнувања во областа на литературата, науката, музиката; | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| БАЛКАНОТ ВО КРАЈОТ НА VIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>Слабеење на османската држава, национални будења ( преродба ) и националноослободителни движења на балканските народи, Балканските војни ( миграции ) | | - Да ги потенцира причините за слабеење на османската држава, да ги истакнува националните будења и националноослободителните движења на балканските народи;<br><br>- да ги опишува судирите помеѓу балканските народи за време на Првата и Втората балканска војна. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| *НАЈНОВО ВРЕМЕ* | 13 + 6 | | Употреба на наставни личиња со цел да се согледаат индивидуалните разлики, интереси и способности. Преку нив да се осознае колку учениците ја совладале наставната содржина, како го разбрале настанот, причинско-последичните односи. Да се користат извори на знаење - прирачници, енциклопедии и сл. во објаснувањето на историските настани, визуелни, аудио-визуелни и технички средства-графоскоп, дијапроектор и сл. за осовременување на наставата. Се користи : историска читанка, историски атлас, карта на светот карта на Балканот. | |
| 1 ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>Два спротивни блока, почеток на војната, главни фронтови, последици од војната и Париската мировна конференција | | - Ученикот да ги сфати двете светски војни како последица на заострените односи на спротивставените сили и интереси за нова поделба на светот, да ги разбере причините, поводот, текот и последиците од војната. | | |
| 2 СВЕТОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ<br><br>Нови односи во светот - економски кризи, демократија | | - Да го разбере светот меѓу двете светски војни како време на економски кризи, почеток на зачувување на мирот и стабилноста меѓу народите и државите преку Друштвото на народите, преку развојот на граѓанската демократија. | | |
| 3 СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ ФАКТОР ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ<br><br>Револуцијата во 1917 година, создавање на СССР, планско производство, диктатурата на Сталин | | - Да го опише зацврстувањето на режимот на болшевиците на власт, начинот на планирањето на производството и диктатурата на Сталин. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 4 ФАШИЗАМ И НАЦИОНАЛ-СОЦИЈАЛИЗАМ | | | | |
| - Фашизмот во Италија, нацизмот во Германија, првите агресии на фашистичките земји. | | - Да ги воочи основните карактеристики на појавата на фашизмот и национал-социјализмот и да знае за првите фашистички агресии. | | |
| 5 БАЛКАНОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | | | | |
| Последиците од Првата светска војна во балканските држави, создавање на СХС, односите меѓу балканските држави (миграции и малцински права), реформите на Кемал Ататурк и создавање на Република Турција | | - Да изгради позитивен став за организираните меѓународни конференции во текот на Втората светска војна со значајни заклучоци од воен и политички карактер ;<br>- да ги воочи последиците од Првата светска војна кај балканските народи, да ги истакне причините за создавањето на СХС, да ги објасни реформите на Кемал Ататурк за создавање на современа Република Турција. | | |
| 6 ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | | | |
| - Почетокот на војната (Атланска спогодба), воените операции и фронтовите, победа над фашизмот | | - Да ги истакне причините за Втората светска војна, воените операции и фронтовите, со акцент на победата над фашизмот. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 7 МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ<br>- Техеранска, Кримска, Посдамска и Париска мировна конференција | | - Да изгради позитивен став за организираните меѓународни конференции со значајни заклучоци од воен и политички карактер. | | |
| 8 БАЛКАНОТ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br>- Агресиите врз балканските земји и окупациите, движењата на отпорот, придонесот на народноослободителното движење и победата над фашизмот | | - Да го истакне отпорот и придонесот на балканските земји против фашизмот во Втората светска војна. | | |
| 9 ВРЕМЕ НА КРИЗИ, ПРОМЕНИ И СПРОТИВНОСТИ<br>- Нов распоред на силите во светот, источен и западен свет, студена војна, блоковска поделба, трет свет, север-југ, богати-сиромашни | | - Ученикот да го осознае новиот распоред на силите во светот по Втората светска војна, како конфронтација на интересите меѓу Големите сили со поделбата на источен и западен свет, со појавата на студената војна, со поделбата на богати и сиромашни. | | |
| 10 НОВИ ТЕНДЕНЦИИ ВО СВЕТОТ ЗА МИР И СОРАБОТКА<br>ООН, Совет на Европа, Европска унија, Европска заедница, Конференција на европска безбедност и соработка, Организација за безбедност и соработка во Европа, паѓање на Берлинскиот ѕид, распаѓање на Источниот блок и тенденции за обединување на Европа | | - Да го разбере процесот на корисна и мирољубива соработка, одржување на конференција за европска безбедност и соработка, Советот на Европа, организациите на ЕУ, ЕЕЗ за демократизација и интеграција во Европа и светот ; | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 11. КРИЗАТА НА СОЦИЈАЛИЗМОТ И ПАЃАЊЕТО НА КОМУНИЗМОТ<br><br>Еднопартиски систем; криза на системот, пропаѓање; транзиција во стопанството, партиско-политички плурализам; паѓање на комунизмот | | - Да ги потенцира слабостите на социјализмот, да ги воочи новите економски и плуралистички односи. | | |
| 12. НАУКАТА И КУЛТУРАТА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>Атомска енергија во развојот, сметачка (компјутерска) технологија, патување во вселената, разновидност во културата (литература, уметност) | | - Да го истакне брзиот техничко-технолошки развој, средствата за масовна комукација, развојот на космологијата како научна дисциплина, да го одбележи брзиот подем и напредок во материјалната и духовната култура. | | |
| 13. БАЛКАНОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>Граѓанската војна во Грција, општествено-економски промени, криза на социјализмот и почетоци на демократските процеси | | - Да ја истакне Граѓанската војна во Грција, а посебно да ги опише општествено-економските и политичките промени кај балканските народи. | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Колку успешно ќе се реализира наставната програма во голема мера ќе зависи од правилниот избор на наставните методи и активности на учење. За да се предаде и научи наставната содржина, треба да се користат наставни методи на работа кои активно ќе се прилагодуваат на интересите, можностите и способностите на ученикот, со што ќе се овозможи непречена, спонтана и индивидуална активност на ученикот и ќе се формира настава која по содржина ќе носи возбудувања, интерес – предизвик, со што ќе се мотивира ученикот.

Активниот избор и примената на наставните методи: вербално – текстуалната, демонстративно – илустративната, експерименталната и комбинираната овозможуваат да се определи текот на наставниот процес, односно какви и кои активности треба да ги исполнат наставникот и ученикот во текот на часот. На ученикот му се овозможуваат услови за учење, истражување, откривање, а на наставникот- пренесување на искуства што се значајни за наставната содржина.

*Активности на наставникот*

Денес во наставата сé понагласено се бара да се почитува основната дидактичка закономерност, а тоа е учењето да се остварува со активна и взаемна работа како на наставникот, така и на ученикот. Што поголема и поразновидна активност ќе организира наставникот за учениците, толку е поголем квалитетот на усвоените знаења. Затоа е потребно во наставата по историја да се применуваат прашањата: што; колку; како; каде; зошто; и при реализацијата и при повторувањето на секоја наставна содржина да се нуди онаа “тенка линија “ при што оптимално ќе се задоволат барањата на принципот на научност, одмереност, ученикот да може да усвои онолку колку што дозволуваат неговите индивидуални можности.

Наставникот, главно, е организатор на часот, тој определува кои методи и форми ќе ги користи, осмислува како и во кој дел на часот ќе ги примени. Тој е насочувач, постојано поттикнува дискусија, објаснува, подготвува избор на наставни и нагледни средства, цртежи, шеми, графикони, дава инструкции за работа, ја оценува работата на учениците и ги поттикнува на самооценување, ги активира на анализа, донесување на заклучоци, врши артикулација.

За секој наставен час наставникот, прави писмена подготовка со сите неопходни елементи и притоа води сметка за целите, своите активности и активностите на ученикот. По часовите прави критичка анализа на реализираните цели и задачи, како и користењето на наставната технологија.

*Активности на ученикот*

Активната улога и позиција на ученикот во наставата, главно, се изразува преку поттикнување и развивање на соработнички однос меѓу наставникот и ученикот, преку учење со разбирање, самостојна работа, преку користење на бројни извори на знаење, преку проблемска настава. Активностите на ученикот треба да бидат насочени кон: следење, давање одговори на поставени прашања и поставување прашања, опишување, критичко мислење и откривање на причинско - последичните врски, давање на свој суд, правилно користење на македонскиот литературен јазик, анализа, заклучок, логичко размислување и индивидуална работа.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Организацијата и реализацијата на наставата е во согласност со Законот за средно образование и годишната програма за работа на училиштето. Наставата се организира во училница, кабинет или специјализирана училница со примена на нагледни средства и активности што ги подготвува наставникот. Во зависност од условите и можностите наставата може да се организира и надвор, како теренска настава, посета на музеј, архиви, изложби, археолошки локалитети и сл.

За непосредната организација на наставата наставникот задолжително прави глобален план, тематско планирање и писмена подготовка за часот.

Бројот на часовите во паралелката е определен со наставниот план и програма.

## 4.4. Наставни средства и помагала

За успешна реализација на наставната програма по историја, наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со Нормативот за нагледни и наставни средства по историја.

За успешна реализација на целите на наставата ќе користи аудио-визуелни средства; графоскоп, дијапроектор, кинопроектор, компјутер; ќе врши посета на историски локалитети, посета на музеи, архиви, изложби; ќе користи извори на знаења (Зборник на документарен материјал, монографии, прирачници, енциклопедии, методика за настава по историја, карти и сл.).

Но, многу значајно е тоа што сам ќе ги подготви или ќе ги ангажира учениците да подготват: цртежи, слики, фотографии, албуми, апликации, графикони и сл.

За реализација на оваа наставна програма неопходен е нов учебник, работна тетратка и прирачник. Учебникот е неопходно помагало, бидејќи за првпат наставната материја од општа историја се изучува во една година.

Прирачникот му е потребен на наставникот како придружен материјал за поуспешна реализација на наставниот материјал.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Преку наставната програма, пред сè, преку темите, тематските целини и содржини, преку општите и посебните цели е предвидено какви битни знаења, умеења и навики треба да стекнат учениците. Тоа треба да претставува образовен стандард, т.е. минимум знаења кои треба да ги совлада секој ученик. Значи наставникот треба постојано да ги оценува и проверува постигањата на учениците, односно да согледува колку тие напредувале во текот на наставната работа.

Следењето и вреднувањето на работата на учениците секогаш треба да има стимулативен карактер, да мотивира и да се темели на систематска работа.

Наставникот по историја ги вреднува усните одговори, писмените работи – домашни и училишни, рефератите, како и активностите кои ученикот ги покажува во текот на часот.

Еден од реалните инструменти за проверување и оценување на учениците е тестот. Преку тестот се проверува знаењето на учениците кои решаваат исти задачи под исти услови. Но, сепак, оценката од тестот не смее да биде дефинитивна, туку напротив споредбена и да послужи за објективно заклучување на оценката.

Последиците за ученикот во случај на неуспех ќе следат во согласност со законската регулатива за средното образование во Македонија

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### *6.1. Основни карактеристики на наставниците*

Наставникот треба да ја истакнува својата образовна улога и со своите стручни и дидактичко-методски знаења да има улога на менаџер и водач, вклучувајќи ги своите способности во реализирањето образовната потреба, оценувањето на

образовната програма, усовршувањето на курикулумот на предметот и имплементирањето на активностите за понатамошно усовршување на програмата.

Тој треба да биде водач во наставниот процес во кој ќе има доверба, клима на отворена соработка, и тенденција за постигнување на посолидни резултати.

Работата на наставникот е динамична и сложена и тој е незаменлив субјект во наставниот процес кој треба:

- да ја реализира наставната програма;
- да изврши подготовки за реализација на целите и задачите, да наоѓа најдобри решенија и да дава упатства за реализација на темите и содржините;
- да остварува комуникација со учениците;
- да реализира дополнителна, додатна и продолжителна настава;
- да работи со талентираните ученици;
- да води класно раководство;
- да соработува со стручниот актив, со наставничкиот совет, со родителите, сродните институции и сл.

6.2. Стандард за наставен кадар

За реализација на наставната програма по историја во средното стручно образование потребни се наставни кадри кои имаат завршено студии по историја на: Филозофски факултет – Институт за историја.

6.3. Стандард за простор и опрема

Наставата ќе се реализира во училишни и други простории и со средства што ги обезбедува училиштето и Phare програмата.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка : мај 1999 година

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 1999

7.1.1. Датум на преземање: јули 2005 година

7.2. Состав на работната група:

1. Јосиф Милчески, самостоен педагошки советник во ПЗМ- ПЕ Гостивар, раководител
2. д-р Даринка Петреска, професор, на Филозофскиот факултет - Институт за историја - Скопје
3. д-р Коста Аџиевски, професор на Филозофски факултет - Институт за историја - Скопје
4. Јордан Илоски, професор во УСО „Браќа Миладиновци" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.1999 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за предметот историја ја одобри (донесе) ________________________________________________ ___________________________________ со решение бр. _______________________ од _______________ година.